
ДРЖАВНО УЧИЛИШТЕ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА
НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ СО ОШТЕТЕН ВИД
“ДИМИТАР ВЛАХОВ”–СКОПЈЕ
ДИМИТАР ВЛАХОВ
www-durdmov-edu-mk
ул. Народни херои бр-8

# ***РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА***

# ***на ДУРДМОВ ,,Димитар Влахов'',***

# ***Скопје, Р.С. Македонија***

# ***(период од 2024 - 2028 година)***

ДУРДМОВ

**Скопје јули, 2024 година**

**Преамбула**

Врз основа на член 49 (став 6) од законот за основно образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија ", бр. 161/19), член 29-а од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20) член 11 од правилникот за формата и содржината на Развојната и Годишната програма за работа на основното училиште бр.18-6579/1 од 06.07.2020 донесена од МОН.

ДУР ДМОВ

Содржина

**Вовед** .......... 6
**1. Податоци за Училиштето** .......... 8
**1.1 Идентификациони податоци за Училиштето** .......... 8
**1.2 Историјат на Училиштето** .......... 10
**1.3 Специфики кои го карактеризираат Училиштето во однос на другите училишта** .......... 11
**2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага Училиштето** .......... 14
**2.1 Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка** .......... 14
**2.2 Работен стаж на вработените** .......... 15
**2.3. Материјално и финансиско работење на ДУРДМОВ “Димитар Влахов”** .......... 16
**3. Подрачје на работа на училиште - наставен план, проширена програма и друга воспитно – образовна работа** .......... 16
**ПРЕГЛЕД НА БРОЈОТ НА УЧЕНИЦИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 4 ГОДИНИ** .......... 19
**4. Евалуација на работата на Училиштето во претходните четири години** .......... 21
**4.1 Самоевалуација на Основното училиште** .......... 21
**4.2. Интегрална евалуација на Основното училиште** .......... 23
**5. Фактори кои влијаат на развојот на училиште (SWOT анализа)** .......... 28
**6. Мисија и визија на Училиштето** .......... 30
**7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на Училиштето во четиригодишниот период** .......... 31
**7.1 Избрани приоритети и образложение за секој од нив** .......... 31
**7.2 Дефинирани стратешки и развојни цели** .......... 32
**7.3 Акциски планови за реализација на Развојната програма на Училиштето** .......... 34
**8. Соработка на Училиштето со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн** .......... 41

ДУРДМОВ

9. **Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на училиште ..... 42**
10. **Евалуација на Развојната програма за работа на Училиштето ..... 42**
11. **Заклучок ..... 43**
12. **Комисија за изработка на Развојната програма за работа на училиште ..... 44**
13. **Користена литература ..... 45**

ДУРДМОВ

## Вовед

Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ во Скопје зазема значајно место во образовната рамка на Република Северна Македонија. Како јавна институција, таа е посветена на исполнување на националните цели и задачи за воспитување и образование, особено за децата и младите со оштетен вид.

Во согласност со измените на Законот за основно образование од 2019 година, иако Училиштето не премина во Ресурсен центар оформи ново одделение за поддршка на инклузивното образование. Оваа трансформација е зацврстена преку потпишаните Меморандуми за соработка со постоечките специјални училишта кои преминаа во училишта со Ресурсни центри, обезбедувајќи заеднички пристап во поддршка на учениците со оштетен вид инклудирани во основните училишта низ Северна Македонија. Почнувајќи од учебната 2023/24 година, Училиштето ја прошири својата поддршка на средните училишта, помагајќи му на образовниот кадар во ефективна работа со ученици со оштетен вид.

Целта на оваа развојна програма е во насока кон систематизирање на сите стратешки определби на дејствување на Училиштето во наредниот четиригодишен период. Во текот на учебната 2023/24 година е спроведена самоевалуација на Училиштето за проценка на квалитетот на работата во сите подрачја на делување. Анализата на добиените резултати и препораките од интегралната евалуација се основа за формирање на приоритетите на Училиштето, конструкцијата на акциониот план, кој ги содржи сите потребни елементи во насока на надминување на утврдените слабости. Гледајќи напред кон периодот од 2024 до 2028 година, „Димитар Влахов“ е фокусиран на унапредување и проширување на своите специјализирани услуги.

ДУРДМОВ

**<u>Тие вклучуваат:</u>**

**Образовние и рехабилитација**: Воспитно-образовна работа со ученици со оштетен вид, поттикнување на нови дејности во Училиштето како што се: сензорна интеграција, визуелна стимулација, психомоторна реедукација, но воедно и поддршка на воспитно-образовниот процес на учениците со оштетен вид инклудирани во редовните училишта.

**Обуки и професионален развој:** Обезбедување на современи и модерни едукации на наставно-воспитниот персонал, а добиените знаења ќе можат подоцна да ги имлементираат во своето работење.

**Тифлотехника:** Развој и адаптација на наставни помагала и ресурси за да се задоволат специфичните потреби на учениците со оштетен вид, снабдување на Училиштето со нови современи асистивни технологии.

**Печатење на Брајово писмо и достапна литература:** Изработка на книги со Брајово писмо, учебници со зголемено печатење и специјализирани тетратки за слепи и слабовидни ученици.

**Подготовка на аудио книги:** Развивање на модерно и современо студио посветено на снимање аудио книги, во соработка со волонтери, надворешни соработници кои помагаат во активностите на нашето училиште.

**Инклузивни работилници:** Обезбедување креативни места и можности за развој на повеќе вештини кај лицата со оштетен вид преку специјализирани инклузивни работилници заедно со учениците од редовните училишта.

Училиштето останува посветено на својата мисија да обезбеди сеопфатна поддршка и едукација на учениците со оштетен вид, поттикнувајќи инклузивна и достапна средина за учење. Посветениот персонал и партнерствата за соработка обезбедуваат секој ученик да добие највисок квалитет на образование и поддршка. Како што Училиштето оди напред, тоа останува посветено на својата визија за создавање инклузивно општество каде секој ученик има можност за успех и напредок.

## 1. Податоци за Училиштето

### 1.1 Идентификациони податоци за Училиштето

| | |
|---|---|
| Име на Училиштето | Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид ,,Димитар Влахов", Скопје |
| Адреса, општина, место | ул. ,,Народни херои" бр.8, Скопје |
| Телефон | 02 2779-532 02-2779-537 |
| Е-маил | durdmov-dimitarvlahov-skopje@schools.mk<br>durdmov-dimitarvlahov-kiselavoda@schools.mk |
| Веб страна на Училиштето | www.durdmov.edu.mk |
| Основано од: | Извршен совет на Р. Македонија/решение бр. 09 – 1687/1 од 21.07.1962г. |
| Верификација – број на Основното училиште | 10-1507/3 од 13.10.1993 |
| Верификација – број на графичка струка | 09-386/3 од 22.02.2002 |
| Верификација – број на сообраќајна струка | 11-6711 од 15.11.2001 |
| Верификација – број на здравствена струка | 11-6003 од 17.10.2006 |

ДУРДМОВ

| | |
|---|---|
| Верификација - број на здравствена струка - физиотерапевтски техничар | 11-317/3 од 11.03.2011 |
| Верификација - број на Основното Музичко училиште | 11-8091/4-11 од 26.03.2012 |
| Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик |
| Година на изградба | 1962 |
| Тип на градба | тврда градба |
| Вкупна овршина на објектот | 1740 $m^2$ |
| Површина на училишниот двор | 25.400 $m^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | 820 $m^2$ |
| Начин на загревање на Училиштето | централно |
| Број на паралелки во основното училиште | 9 |
| Број на ученици во основното музичко училиште | 9 |
| Број на паралелки во средното училиште | 8 |
| Број на воспитни групи во ученичкиот дом | **3** |
| Број на смени и време на работа на Училиштето | Наставата се изведува само во прва смена, а Училиштето работи 24 часа (прва, втора и трета смена) поради постоење на ученички дом |

ДУРДМОВ

## 1.2 Историјат на Училиштето

Со завршувањето на учебната 2023/24 година, се реализираа 69 години воспитно-образовна работа со ученици со визуелно оштетување (слепи и слабовидни).

Како почеток може да се земе 1954 година кога е изработен идеен план за основање на Дом за слепи кој ја започнува својата работа во Битола, потоа продолжува во Скопје, и по иницијатива на главниот одбор на Сојуз на слепите на Македонија, а на предлог на Советот на народно здравје и социјална заштита на НРМ, со Решение 309 од 06.10.1954г. се основа Училиштето за слепи деца на НРМ во Скопје со задача да им се овозможи покрај школувањето и бесплатно сместување, исхрана и здравствена заштита. Истата година, напоредно со ОУ, започнува со воспитно-образовна работа и Основното Музичко училиште. Во согласност со потребите на Училиштето и слепите лица, од 21.7.1962г. со Решение на Извршниот совет на НРМ, на ниво на Заводот егзистираат предучилишно, основно, основно музичко и средно училиште. Средното училиште започнува со работно оспособување (картонажа и корпарство), продолжува со едногодишна настава по телефонија и преработување на пластика.

Од 1979 година Училиштето го носи името на големиот револуционер Димитар Влахов.

По овој период следи значаен напредок на Училиштето кое ги следи сите насоки, новини, промени во Наставните планови и програми издадени од БРО.

Денес, ДУРДМОВ ,,Димитар Влахов", Скопје е училиште во чиј состав се: основното училиште, основното музичко училиште, средното училиште и ученичкиот дом.

ДУРДМОВ

## 1.3 Специфики кои го карактеризираат Училиштето во однос на другите училишта

Училиштето е единствена тифлопедагошка установа во РСМ. Во неа следат настава ученици со визуелно оштетување (слепи и слабовидни). За реализација на наставата се применуваат специфични форми и методи на работа, наставни средства и помагала кои соодвествуваат на образовните потреби на учениците со оштетен вид.

Училиштето во континуитет, своите трансформации и промени ги носи во склад со воспитно-образовните потреби на слепите и слабовидните деца и ученици, строго почитувајќи ги специфичностите на оваа популација деца и младинци. Тие произлегуваат од ограничувањата на визуелните способности кои им ги наметнуваат животните околности, најчесто од самото раѓање.

Нашите ученици земаат активно учество во голем број натпревари, како во нашето училиште, така и надвор од него. Оваа традиција ќе продолжи и во иднина. Музички натпревари, натпревари во голбал, шах, литертурни творби се дел од успесите на учениците и за истите има податоци во Годишните извештаи на ДУРДМОВ. Особено активноста ,,Јас имам талент”, која започна како општински натпревар, а продолжи на меѓународно ниво.

Училиштето реализира големиот број проекти, рамноправен партнер е со останатите училишта од регионот. Со постојана соработка црпиме искуства од тие институции како што се: Училиште за основно и средно образование за ученици со сензорно оштетување ,,Милан Петровиќ“ - Нови Сад, Република Србија, Училиште за ученици со оштетен вид „Вељко Рамадановиќ“ - Белград, Република Србија. Понатаму е Центарот за воспитание и образование „Винко Бек“ - Загреб, Република Хрватска, Центар „Ирис“ – Љубљана, Република Словенија, Училиште за ученици со нарушен вид „Проф. Др – Иван Шишманов“ - Варна, Република Бугарија, ,,ONCE”, Шпанија и др.

Со Центарот,,Бартимеус“ за прв пат во нашава земја, преку проектна активност, со поддршка на Бирото за развој на образованието, тогашен Педагошки Завод на Република Македонија, започна да се имплементира, рана интервенција кај

ДУРДМОВ

деца со оштетен вид, од страна на стручен тим од Установата. Во периодот од 2012-2017 преку VIZIO Холандија Училиштето учествуваше повторно во проект за рана интервнеција на деца со оштетен вид, како и за визуелна проценка на лица со оштетен вид.

Од 2020 година, па до денес, училиштетето е вклучено во Еразмус проекти и во истите учествуваат 20 наставници. Во одредени проектни активности вклучени се и ученици од основното и средното училиште.

Од 2022 година Училиштето е член и на европската мрежа за институции кои работат со лица со оштетен вид ЕНВИТЕР. Преку мрежата Училиштето има можност да воспостави контакт и вмрежување со многу сродни институции од Европа, да учествува на вебинари, а воедно и на летни тематски кампови, поврзани со областа која ја работиме.

Афирмацијата на Училиштето се одвива паралелно со неговата трансформација. Така, денес преку низа активности и интервенции се инкорпорираме и во процесот на инклузивното образование. За оваа потреба Училиштето поддржува активности и развива концепт за прераснување во ресурсен центар, кој би давал поддршка на децата инклудирани во редовното образование. Од учебната 2021/22 година формиран е инклузивен тим од тројца дефектолози - стручни соработници кои даваат поддршка на наставниците и образовните асистенти од редовните училишта кои во своите паралелки имаат ученици со оштетен вид. Од учебната 2023/24 година е воспоставена и соработка и со средните училишта во РСМ.

ДУРДИМОВ

Инклузивниот тим непрекинато е во постојана соработка со образовните асистенти од редовните училишта.

Сите овие години на работа и трансформација, Училиштето ги правеше и ќе ги прави со помош и поддршка пред се од Владата, МОН, Бирото за развој на образованието, локалната заедница  и многу други релевантни институции.

Училиштето е во континуирана соработка со Филозофскиот факултет и Институтот за специјална едукација и рехабилитација и претставува база за практична настава на студентите.

Очекувањата на вработените се да продолжиме во насоката на јакнење на постојните капацитети, како материјално - технички, просторни, стручни, со континуирано осовременување и надоградба.

ДУРДМОВ

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага Училиштето

### 2.1 Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

| Стручен профил | Број на извршители | | Стручна подготовка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | д-р | м-р | всп | вшп | ссс | |
| **Наставен кадар** | Одделенска настава | 5 | | 1 | 4 | | | |
| | Предметна настава | 24 | | 2 | 20 | 2 | | |
| **Раководен кадар** | 1 | | | | 1 | | | |
| **Стручни соработници** | 5 | | | 3 | 2 | | | |
| **Административни службеници** | 3 | | | | 2 | 1 | | |
| **Помошен и технички кадар** | 16 | | | | 1 | | 15 | |

ДУРДМОВ

## 2.2 Работен стаж на вработените

| Работен стаж | Број на вработени наставници во одделенска настава специјални едукатори и рехабилитатори | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени админи-стративни службеници | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| до 10г. | 3 | 9 | 1 | 1 | 4 | |
| од 10 - 20г. | 1 | 7 | 3 | 2 | 2 | |
| од 20 - 30г. | 1 | 6 | 1 | | 4 | 1 |
| Повеќе од 30г. | | 2 | | | 6 | |
| Вкупно | 5 | 24 | 5 | 3 | 16 | 1 |

ДУРДМОВ

## 2.3. Материјално и финансиско работење на ДУРДМОВ "Димитар Влахов"

Училиштето во текот на годината изготвува финансиски план за своите сметки според кој однапред се планираат средствата за потребите на Училиштето. Училиштето навремено ги планира и обезбедува материјално - финансиските средства преку буџетската сметка 603, сопствената сметка 787, како и донаторските сметки 785 за Еразмус + проектите. Тука се и постоечките капитални средства, опрема и други материјални средства, компјутерска опрема и ситен инвентар. За остварување на годишниот план за јавни набавки се обезбедуваат средства во финансискиот план за јавни набавки за тековната година. Годишниот план за јавни набавки се остварува преку постапки утврдени со Законот за јавни набавки, но по потреба истиот се и дополнува. Се применуваат Правилник и Закон за финансиско работење, како и тендерски постапки на Училиштето.

ДУРДМОВ

## 3. Подрачје на работа на училиште - наставен план, проширена програма и друга воспитно - образовна работа

Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид ,,Димитар Влахов" – Скопје е единствена специјализирана установа наменета за рехабилитација и едукација на деца и младинци со оштетен вид на ниво на цела РС Македонија, во кое се реализираат Наставни планови и програми за основно училиште, основно музичко училиште во траење од 6 години, средно училиште и ученички дом.

Воспитно - образовната работа во **Основното училиште** се планира и организира согласно Наставните планови и програми за основно образование (од I до VI одд, по Новата концепција за основно образование, од новата учебна година (2024/25година) и за VII одд, а во останатите одделенија - Наставни планови и програми за ученици со оштетен вид). Истиот содржи задолжителни и изборни предмети, дополнителна и додатна настава како и часови за одделенска заедница. Со наставниот план се определува годишниот и неделниот број на часови за наставата по задолжителните и изборните предмети, нивниот распоред по одделенија, број на неделните часови за дополнителната и додатната настава и часот за одделенска заедница. Во Училиштето се работи по адаптирана наставна програма за слабовидни и слепи ученици и со наставните програми се определуваат и наставните цели, содржините, основните поими, активностите и методите во наставата. Дел од учениците работат по ИОП или модифицирана програма, кои се подготвуваат од страна на инклузивните тимови за ученици.

Во Училиштето се реализира и проширена програма. Проширената програма на Училиштето опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците по часовите за редовната настава. Училиштето за учениците од прво до петто одделение организира продолжен ученички престој. За време на продолжениот престој во кој се вклучени ученици од различни паралелки и одделенија, како и учениците кои престојуваат во Ученичкиот дом, учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно - уметнички, спортски и други активности, согласно со Годишната програма за работа на Училиштето. Училиштето активно организира и реализира вонаставни активности како: организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари и други активности кои Училиштето ги реализира надвор од наставната програма.

ДУРДМОВ

Наставата во **Средното училиште** се планира и организира согласно Наставниот план и програма за средно образование, Календарот за организација на работата во средните јавни училишта. Истиот, содржи задолжителни и изборни предмети, додатна и дополнителна настава, слободни часови на училиштето, практична настава и проектни активности. Во

Училиштето се застапени три струки - сообраќајна, здравствена и графичка струка и следниве образовни профили:
терапевт - масер со тригодишно образование

- физиотерапевтски техничар со четиригодишно образование,
- книгоповрзувач - картонажер со тригодишно образование,
- манипулант на телефонска централа со тригодишно образование.

Во рамките на средното училиште се изведува и настава за работно оспособување за ученици со комбинирани пречки кои се оспособуваат за едноставни операции при изработката на картонски кутии и други производи од хартија.

Со наставниот план се определува годишниот и неделниот број на часови за наставата по задолжителните и изборните предмети, како и нивниот распоред по одделенија. Во Училиштето се работи по адаптирана наставна програма за слабовидни и слепи ученици и со наставните програми се определуваат наставните цели, содржините, основните поими, активностите и методите во наставата. Наставата се изведува во една смена - претпладне, а во попладневните часови се изведува воспитната работа и слободните ученички активности.

Наставата во **Основното музичко училиште** се планира и организира согласно Наставниот план и програма за основно музичко образование.

**Воспитната работа** е интегрален дел од работата на Училиштето. Таа се изведува преку работата на ученичкиот дом. Во неа се опфатени часови за подготовка на настава, организирање на слободно време на учениците, реализација на програмата за културно - забавен живот, перманентна грижа за физичкото, менталното и социјалното здравје на учениците. Наставата се изведува на македонски јазик, на видно и Брајово писмо за учениците без остаток на вид.

Училиштето активно организира и реализира вонаставни активности како: организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои Училиштето ги реализира надвор од наставната програма.

ДУРДМОВ

## ПРЕГЛЕД НА БРОЈОТ НА УЧЕНИЦИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 4 ГОДИНИ

Преглед на бројот на ученици во последните 4 години – Основно училиште

| Учебна година | Број на паралелки | Број на ученици |
|---|---|---|
| 2020/2021 | 9 | 34 |
| 2021/2022 | 9 | 34 |
| 2022/2023 | 9 | 33 |
| 2023/2024 | 9 | 30 |

Преглед на бројот на ученици во последните 4 години – Средно училиште

| Учебна година | Број на паралелки | Број на ученици |
|---|---|---|
| 2020/2021 | 7 | 15 |
| 2021/2022 | 8 | 10 |
| 2022/2023 | 6 | 13 |
| 2023/2024 | 7 | 10 |

ДУРДМОВ

Преглед на бројот на ученици во последните 4 години – Основно музичко училиште

| Учебна година | Број на паралелки | Број на ученици |
|---|---|---|
| 2020/2021 | 2 | 6 |
| 2021/2022 | 3 | 8 |
| 2022/2023 | 4 | 11 |
| 2023/2024 | 4 | 9 |

Преглед на бројот на ученици во последните 4 години – Ученички дом

| Учебна година | Број на воспитни групи | Број на ученици |
|---|---|---|
| 2020/2021 | 4 | 44 |
| 2021/2022 | 3 | 37 |
| 2022/2023 | 3 | 35 |
| 2023/2024 | 3 | 30 |

ДУРДМОВ

## 4. Евалуација на работата на Училиштето во претходните четири години

### 4.1 Самоевалуација на Основното училиште

| Подрачје | Резултати |
|---|---|
| **Подрачје** 1: Наставни планови и програми | Приоритети<br>• Континуирана соработка со БРО во насока на проширување за избор на наставни планови и програми за слободни изборни предмети.<br>• Продолжување и продлабочување на соработката на Училиштето со локалната средина и окружувањето.<br>• Поголема иницијатива за соработка со ЦССО во однос на прилагодување на наставните планови и програми по предметите од сообраќајна струка - манипулант на телефонска централа согласно потребите на пазарот на трудот. |
| **Подрачје** 2: Постигнувања на учениците | Приоритети<br>• Создавање и одржување на дигитална аудитивна библиотека со учебници, литература и други материјали во достапни формати за учениците со оштетен вид.<br>• Формирање на тимови кои ќе работат во областа на откривање и евиденција на децата со оштетен вид на територијата на нашата држава.<br>• Формирање на тим од стручни лица кои би работеле во областа на рана интервенција. |
| **Подрачје** 3: Учење и настава | Приоритети<br>• Поголем број на обуки посветени на методиката на наставата конкретно по одделни предмети.<br>• Реализирање и организирање со иновативност на часовите |
| **Подрачје** 4: Поддршка на учениците | |

ДУРДІМОВ

| | |
|---|---|
| | Приоритети<br>● Создавање и одржување на дигитална аудитивна библиотека со учебници, литература и други материјали во достапни формати за учениците со оштетен вид.<br>● Формирање на тимови кои ќе работат во областа на откривање и евиденција на децата со оштетен вид на територијата на нашата држава<br>● Формирање на тим од стручни лица кои би работеле во областа на рана интервенција |
| **Подрачје** 5: Клима во Училиштето | Приоритети<br>• Поголема вклученост на родители во работата на Училиштето и поголема информираност на истите за работата и активностите на Училиштето |
| **Подрачје** 6: Ресурси | Приоритети<br>• Опремување на кабинетите со современи нагледни средства, технички помагала, дидактички материјали и потрошен материјал за реализација на квалитетна настава<br>• Континуирана набавка на лектирни изданија<br>• Решавање на проблемот со соодветен кадар за библиотекарско работење |
| **Подрачје** 7: Раководење, управување и креирање политики | Приоритети<br>• Поголема посветеност на обуките за наставно-образовниот кадар.<br>• Формирање активности на родителите за нивна меѓусебна соработка и комуникација. |

ДУРДМОВ

## 4.2. Интегрална евалуација на Основното училиште

| Подрачје | Согледувања |
|---|---|
| Наставни планови и програми | Наставниот процес се изведува според наставните планови и програми за основно образование, основно музичко образование и за средно стручно образование од здравствена, графичка и сообраќајна струка за ученици со оштетен вид донесени од МОН, како и работно оспособување од профилите и струките кои се изучуваат за ученици и учесници кои не го оформиле образованието. Слободните часови се реализираат во програми одобрени од Центарот за средно стручно образование. Практичната настава е добро организирана и се одвива напоредно со теоретската настава.<br>Содржините од поголем број наставни програми се овозможува постигање на целите од ЕКО стандардите за реализирање на ЕКО содржини по наставните предмети.<br>Училиштето нуди повеќе од 3 изборни предмети, според Наставниот план и за истите постапката во целост е запазена.<br>Се изготвуваат индивидуални образовни планови. По редовната настава учениците кои не се сместени во Ученичкиот дом се згрижени од наставно - воспитниот кадар, како и од негувателките сè до прифаќање од страна на родителите, а учениците кои се сместени во Домот се згрижени од воспитувачите и негувателките.<br>Постојат добри примери на соодветно вградени цели во наставните програми, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција.<br>Учениците со помош и поддршка од Училиштето и наставниците, учествуваат во различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат. Во последните три учебни години Училиштето освоило 2 награди на регионално ниво.<br>Учениците работат на проекти.<br>Училиштето има регистрирано спортски клуб, кој што е активен и достапен за сите ученици кои учествуваат во две дисципини гол бол и шах, се натпреваруваат на државно и меѓународно ниво. |
| Постигнувања на учениците | Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите класификациони периоди по паралелки и години, изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи, како и споредбедни анализи за постигнувањата на учениците. Според анализите на крајот од првото полугодие споредени со постигнувања од три претходни учебни години, постигнувањата на учениците во Училиштето се солидни. Среден успех на училишно ниво последните три учебни години е одличен (4.63). Средниот успех по предмети во тригодишно траење е од 4.06 до 5. Во однос на |

ДУРДИМОВ

| | |
|---|---|
| | постигнувањата на учениците според пол, подобри постигнувања имаат учениците од машки пол. Учениците се оцените и по поведение.<br>Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигнувањата на учениците, во соработка со родителите преку советување на учениците и родителите од страна на Стручната служба. Од страна на психологот за намален успех и зголемен број изостаноци спроведени се групни и индивидални советувања со учениците. Со спроведување на советување во Училиштето зголемена е редовноста на учениците.<br>Училиштето има систем за детектирање и поддршка на учениците што имаат потешкотии во учењето и надарените ученици избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Наставниците согласно распоред реализираат дополнителна и додатна настава по сите предмети.<br>Училиштето ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците<br>Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од целата држава<br>Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините отсуство од наставата и презема конкретни активности. Просечниот број на изостаноци е 27 по ученик.<br>Во Училиштето бројот на ученици кои се осипуваат е до 1 ученик.<br>Во последните три учебни години ниту еден ученик не повторувал учебната година. |
| Учење и настава | Во Училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка следење на планирањето на наставата од страна на Стручната служба и Директорот<br>Наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности. Имаат подготвени годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час, односно годишни и тематски процесни планирања што ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето, активностите и начинот на оценување кај поголем број наставници се јасно утврдени во планирањата и ги користат информациите од оценувањето за утврдување на потребите на учениците и да ги планираат следните активности во поучувањето и учењето.<br>Распоредот на часови е изработен согласно Наставниот план, имајќи во предвид за наставници кои реализираат настава во други училишта, број на часови по паралелки и изборни предмети, притоа почитувајќи го најдобриот интерес на ученикот.<br>Наставниците користат наставни техники, форми и методи што соодветствуваат на потребите можностите на учениците и нивните стилови на учење. Наставните средства што се користат во Училиштето се специфични и соодветствуваат на потребите на учениците со оштети вид. Училиштето нема добиено лаптопи за наставниците и за учениците од прво до трето одделение во рамките на проектот „Компјутер за секое дете", но, има добиено 50 Брајови машини од МОН. Училиштето |

| | |
|---|---|
| | располага со 40 (PC) комјутери, 8 светлечки тастатури за слабовидни, 8 Џојстици, тастатури со зголемени тастери и во боја, говорни читачи на екран, ТВ лупи и Брајов печатач, 2 компјутери со Брајов ред, 2 ЛЦД проектори, ТВ и видео. Употребата на ИКТ во наставата кај поголем број наставници е согласно предвидената динамика во Годишните планирања. Училиштето има систем за следење на примената на ИКТ во наставата.<br>Учениците и родителите го доживуваат Училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Училишниот простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини го отсликуваат мултикултурализмот.<br>Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците, редовно им даваат повратни информации на учениците за нивните постигнувања.<br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на учениците. |
| Поддршка на учениците | Училишниот простор е безбеден за изведување настава и истиот е осигуран.<br>Училиштето има протоколи како пишани документи во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните.<br>Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците.<br>Училиштето има инклузивен тим.<br>Хигиената на Училиштето е на високо ниво.<br>Се организираат систематски прегледи за учениците, а за вработените санитарни и лекарски прегледи.<br>Има пропишани процедури за грижа за учениците што поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава.<br>Училиштето навремено дава советодавна помош на учениците за понатамошно образование.<br>Сите наставници водат целосна и уредна евиденција за целокупниот воспитно - образовен процес. |
| Клима во Училиштето | Училиштето е препознатливо според многу добар квалитет на работење и постигнувањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата мисијата на Училиштето. Училиштето е безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост и мултикултуривилизмот,<br>го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот, но меѓуетничката интеграција е недоволно застапена преку активности. Наставниот кадир ужива респект кај родителите. Во Училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи.<br>Сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и |

| | |
|---|---|
| | социјалниот статус) се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во Училиштето.<br>Учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на Училиштето<br>Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигнувања на сите ученици во рамките на Училиштето и во пошироката средина.<br>Учениците имаат можности (согласно со своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во вонnаставните активности со преземање граѓански иницијативи и акции.<br>Во Училиштето се реализира проектот за Меѓуетничка интеграција на образованието. Учениците ја почитуваат сопствената култура и традиција, како и културата и традицијата на другите етнички заедници кои живеат во нашата земја без оглед на која етничка група и припаѓаат. Училиштето недоволно планира и реализира заеднички наставни и/или воннаставни активности со балансирани хетерогени групи и недоволно ги користи сите можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од Училиштето.<br>Родителите се активно вклучени во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема од нивната професија, како и во воннаставните активности. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во училишен одбор. Училиштето има воспоставена континуирана соработка за реализирање на активностите од еколошката програма. |
| Ресурси | Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава по Норматив. Постојат пријатни просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање воннаставни активности за учениците.<br>Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.<br>За реализација на наставата се користат општи и специфични нагледни средства и помагала во наставата со слабовидните и слепите ученици.<br>Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот на Училиштето.<br>Училиштето има вработено наставници и стручни соработници за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети и тие се со соодветно образование согласно со нормативите. Сите наставници и стручни соработници се обучени за работа со деца со посебни образовни потреби. Раководниот, наставниот кадар и стручните соработници не се обучени за реализација на активности за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост.<br>Сите наставници изработуваат личен план за професионален развој. Училиштето на |

ДУРТМОЗ

| | |
|---|---|
| | основа на личните планови ги идентификува потребите на наставниците и изготвува програма за професионален развој при што ги има предвид основните професионални компетенции за наставниците. Училиштето ги информира органите и телата во Училиштето за училишниот буџет и трошењето и има донесено пишан документ во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределувањето на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на Училиштето, како и за реализација на активностите предвидени во програмата на ученичката заедница. Буџетот се корист наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигнувањата на учениците, како и развојот на Училиштето во целина. |
| Раководење, управување и креирање политики | Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на Училиштето, при што се води сметка за родовата и етничката структура на членовите на истиот. Работата на Училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со Деловникот за работа. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно - образовниот процес. Има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на Училиштето и другите училишни структури.<br>Раководниот орган има јасна визија за развојот на Училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на Училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во Училиштето, донесува одговорни одлуки, има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. |

## 5. Фактори кои влијаат на развојот на училиште (SWOT анализа)

**Предности (силни страни) на училиште**

Единствена установа која нуди воспитание и образование за ученици со оштетен вид.

Можност за поддршка на Ресурсните центри за учениците со оштетен вид инклудирани во редовните училишта, поддршка за нивните родители и наставен кадар. Проширена дејност на Училиштето со стручни соработници за Поддршка на инклузијата.

Можност и потенцијали за прилагодување и печатење на Брајова литература.

Учество на интернационални проекти и размена на добри практики во нашето училиште од истите.

Подготвен и квалитетен училишен инклузивен тим.

Училиштето е отворено за соработка со локалната заедница.

**Слабости (слаби страни) на училиште**

Потреба од модернизација и/или воведување на нови наставнии програми во средното образование.

Потреба од вградување на повеќе содржини и активности за негување на меѓуетничка интеграција во образованието, како и едукација на кадарот за оваа тема.

Потреба од дигитална асистивна технологија во процесот на образование на учениците, што би помогнала во нивните постигнувања и напредувања.

Потребата за обезбедување на други форми на поддршка на децата со оштетен вид кои спаѓаат во полето на рехабилитацијата (рана интервенција, визуелна стимулација, животни вештини, поддршка на инклудирани ученици, преквалификација или доквалификација на подоцна ослепени).

Потреба од обуки и работилници, семинари т.е. професионален развој на кадарот.

Потребно е хигиената во Училиштето и училишните простории да се подигне на повисоко ниво.

Потреба од соодветен кадар за библиотекарско работење.

Потреба од постоење на единствен централен регистар на евиденција на деца со оштетен вид дизајниран во соработка со ЦСР, Сојузот на слепи и офталмолошките клиники.

ДУРДМОВ

| Можности (прилики) што произлегуваат од работата за училиште | Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за училиште |
|---|---|
| Учество на семинари и обуки за комуникација, разрешување конфликти, тимска работа, проектен менаџмент. | Одлив на ученици во редовните училишта и во странство. |
| Презентација и обуки на родителите, образовните асистенти, наставниците во редовните училишта за специфичните програми кои се реализираат со ученици со оштетен вид (Брајово писмо, Ориентација и мобилност во просторот, Животни вештини). | Неадекватен образовен, воспитен, рехабилитационен третман на нашите ученици инклудирани во редовните училишта. |
| Презентации и обуки на родителите, образовните асистенти, наставниците во редовните училишта за специфичните тифло - дидактички средства и тифло — техника која се користи во воспитно - образовниот и рехабилитационен процес. | Недоволна опременост со специфични, тифлолошки помагала во нашето училиште и ограничена можност за опслужување на нашето и редовните училишта. |
| Соработка и градење на мрежа со сродни училишта на Балканот и Европа сѐ со цел да бидеме во тек со современите методи на работа. | Одлив на кадар, посебно предметните наставници по информатика, математика, физика и сл. |
| Членување во европската мрежа за институции кои работата со лица со оштетен вид ЕНВИТЕР. | Зголемен број на ученици со комплексни проблеми. |

ДУРДМОВ

## 6. Мисија и визија на Училиштето

Мисија

Нашата мисија е да ги поттикнеме учениците со оштетен вид преку иновативно и модерно образование. Ние создаваме поддржувачка средина каде што секој ученик може да напредува, да стекне независност и да го постигне својот максимален потенцијал.

Визија

Нашата визија е да ја имаме водечката улога кога станува збор за образование за лицата со оштетен вид, обезбедувајќи секој ученик да има ресурси и можности да успее, без разлика дали учи во нашето училиште или е инклудирано во редовниот образовен систем. Ние се стремиме да изградиме свет каде што сите лица со оштетен вид ќе можат да се истакнат и беспрекорно да се интегрираат во општеството.

ДУРДМОВ

# 7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на Училиштето во четиригодишниот период

## 7.1 Избрани приоритети и образложение за секој од нив

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| **Доопремување со асистивна технологија соодветна за ученици со оштетен вид и ученици со комплексни потреби** | Опремувањето на Училиштето со асистивна технологија е од клучно значење за учениците со оштетен вид и оние со сложени потреби. Овие алатки го подобруваат учењето со тоа што ги прават материјалите достапни, ја поттикнуваат независноста и овозможуваат персонализирано образование. Асистивната технологија обезбедува средина каде што сите ученици можат да развијат основни вештини за идниот успех. Давањето приоритет на оваа инвестиција директно го поддржува академскиот и личниот раст на нашите ученици. |
| **Соодветен кадар за библиотекарско работење** | Соодветниот персонал во училишната библиотеката е од суштинско значење за поддршка на учениците со оштетен вид. Обучениот персонал обезбедува пристапност до Брајово писмо, големи печатени и аудио материјали, обезбедувајќи персонализирана помош и креирајќи соодветни асистивни технологии. Преку тесна соработка со наставниците се развиваат приспособени програми кои ги подобруваат вештините за читање и истражување, создавајќи инклузивна и поддржувачка средина. Давањето приоритет на персоналот во библиотеката директно го подобрува образовното искуство и личниот развој на учениците со оштетен вид. |
| **Подобрување на професионалниот развој на наставно-воспитниот персонал преку обуки, работилници, семинари и едукации на различни теми, посебно на теми поврзани со рана интервенција, работа со ученици со коплексни проблеми, слепо-глуви и сл.** | Инвестирањето во обука за нашиот наставен кадар, особено за работа со ученици со комплексни проблеми како рана интеревенција и детекција на деца со оштетен вид од раѓање до 6 години и давање поддршка, глуво-слепи, е од клучно значење. Ги подобрува вештините на наставниците, ги подобрува резултатите на учениците, промовира рана интервенција, инклузивност и го одржува персоналот приспособлив на промените со кои се соочуваме. Обучените едукатори создаваат подобра средина за учење за сите ученици и за децата од предшколска возраст. |

ДУРАЛ НОВ

## 7.2 Дефинирани стратешки и развојни цели

| Приоритет/и | Стратешка цел |
|---|---|
| **Доопремување на Училиштето со асистивна технологија соодветна за ученици со оштетен вид и ученици со комплексни потреби** | Современ пристап во работата со учениците со оштетен вид и комплексни проблеми. |
| **Соодветен кадар за библиотекарско работење** | Обезбедување на соодветен персонал библиотекарско работење. |
| **Подобрување на професионалниот развој на наставно-воспитниот персонал преку обуки, работилници, семинари и едукации на различни теми, посебно на теми поврзани со работа со ученици со коплексни проблеми, слепо-глуви и сл.** | Подготвен наставно-воспитен кадар за ефикасна поддршка на учениците со оштетен вид и комплексни проблеми и деца со оштетен вид од раѓање до 6 години. |

ДУРДМОВ

| Стратешка цел 1 | Развојни цели |
| --- | --- |
| Современ пристап во работата со учениците со оштетен вид и комплексни проблеми. | **1.1 Доопремување на Училиштето со асистивна технологија** |
| | **1.2 Подобрени вештини кај наставно-воспитниот персонал за употреба на асистивната технологија** |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** |
| Обезбедување на соодветен персонал за библиотекарско работење. | **2.1 Зголемени ресурси на Брајова литература и стручна литература** |
| | **2.2 Дигитализација на библиотечниот фонд** |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** |
| Подготвен наставно-воспитен кадар за ефикасна поддршка на учениците со оштетен вид и комплексни проблеми и деца со оштетен вид од раѓање до 6 години. | **3.1 Обуки, семинари и работилници за наставно-воспитниот кадар.** |
| | **3.2 Подобрен квалитетот во пристапот кон учениците со комплексни проблеми и деца со оштетен вид од раѓање до 6 години.** |

ДУРДМОВ

## 7.3 Акциски планови за реализација на Развојната програма на Училиштето

| **Стратешка цел 1**<br>Современ пристап во работата со учениците со оштетен вид и комплексни проблеми. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 1.1. Доопремување на Училиштето со асистивна технологија** | | | | | | |
| *Активности* | *Индикатори за успех* | *Реализатори* | *Временска рамка за имплементација* | *Потребни ресурси* | *Тим за следење на реализација на активностите* | *Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите* |
| Креирање работна група за реализација на целта<br><br>Барања за донации од соодветни институции кои работат во областа на асистивната технологија ,,Отворете ги прозорците,,<br><br>Барање за донации за асистивна технологија од амбасади | Зголемен број на асистивни технологии во Училиштето<br><br>Подобрен квалитето и пристапот во работата со учениците со комплексни проблеми | Наставници од одделенска настава, предметни наставници, стручна Служба, стручни соработници и директор | континуирано | финансиски ресурси - донации | Директор | План за работа<br><br>Проектни апликации |

ДУРДМОВ

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Аплицирање на проекти со цел купување асистивна технологија | | | | | | |

**Развојна цел 1.2. Подобрени вештини кај наставно-воспитниот персонал за употреба на асистивната технологија**

| *Активности* | *Индикатори за успех* | *Реализатори* | *Временска рамка за имплементација* | *Потребни ресурси* | *Тим за следење на реализација на активностите* | *Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Обуки, семинари, работилници и едукации за наставниците, воспитувачите и стручните соработници на тема асистивни технологии, имплементација<br><br>Споделување на добри практики со институции од земјата и од странство | Обучен кадар<br><br>Квалитетен професионален развој<br><br>Подобрен пристап при работата со учениците | Наставници од одделенска настава, предметни наставници, стручна Служба, стручни соработници и директор | контитуирано | Компјутер/лап топ, проектор, финансиски ресурси | Директор и тим за личен и професионален развој | План за обуки<br><br>Сертификати |

| **Стратешка цел 2**<br>Подготвен наставно-воспитен кадар за ефикасна поддршка на учениците со оштетен вид и комплексни проблеми. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 2.1. Зголемени ресурси на Брајова литература и стручна литература** | | | | | | |
| *Активности* | *Индикатори за успех* | *Реализатори* | *Временска рамка за имплементација* | *Потребни ресурси* | *Тим за следење на реализација на активностите* | *Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите* |
| Барање до МОН согласност за вработување на библиотекар<br><br>Адаптација на учебници, лектири и белетристика за Брајово печатење<br><br>Адаптација на учебници со зголемен фонт за слабовидни ученици | Вработен библиотекар<br><br>Зголемен фонд на учебници, лектири и белетристика на Брајова азбука<br><br>Зголемен број на учебници со зголемен фонт<br><br>Прирачници за адапација на учебници, слики и модели | Наставници од одделенска настава, предметни наставници, стручна Служба, стручни соработници | контитуирано | Компјутер/лап топ, фузер, Брајов печатач, хартија, хартија за фузер, 3Д принтер, финансиски ресурси | Директор, библиотекар, стручни соработници | Листи со испечатени книги, слики, 3Д модели |

ДУРДМОВ

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на прирачник со инструкции за адаптација на учебник за Брајово печатење, за адаптација на слика и на 3Дмодел<br><br>Подготовка на тетратки за слабовидни ученици<br><br>Подготовка на 3Д модели и тактилни слики | Зголемен број на 3Д модели и тактилни слики | | | | | |
| **Развојна цел** | **2.2. Дигитализација на библиотечниот фонд** | | | | | |

ДУРДМОВ

| *Активности* | *Индикатори за успех* | *Реализатори* | *Временска рамка за имплементација* | *Потребни ресурси* | *Тим за следење на реализација на активностите* | *Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Набавка на програм за водење на дигитална збирка на книги со кои располага библиотеката<br><br>Обука на библиотекарот за користење на програмот<br><br>Презентација на програмот со останатите колеги | Дигитална збирка на книги<br><br>Обучен кадар | Библиотекар<br><br>Директор | континуирано | Финасиски ресурси<br><br>програм | Директор | Формат за следење на квалитетот на дигиталната збирка<br><br>Список од учесници на презентацијата на програмот за дигиталната библиотека |

ДУРДМОВ

| **Стратешка цел 3**<br>Подготвен наставно-воспитен кадар за ефикасна поддршка на учениците со оштетен вид и комплексни проблеми. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 3.1. Обуки, семинари и работилници за наставно-воспитниот кадар.** | | | | | | |
| *Активности* | *Индикатори за успех* | *Реализатори* | *Временска рамка за имплементација* | *Потребни ресурси* | *Тим за следење на реализација на активностите* | *Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите* |
| Обуки за наставници од БРО, дисеминации, обуки за наставници од ЕРАЗМУС + проекти<br><br>Нови апликации за обуки на тема слепо – глуви ученици, ученици со комбинирани потешкотии | Обучени наставници, зајакнување на стручни активи, Зајакнување на професионалн и компетенции задоволство и споделување на искуствата со учениците, Поголема мотивираност на наставниците | Наставници од одделенска настава, предметни наставници, библиотекар, стручна служба и директор | континуирано | Лап топ, смарт табли, проектори, интерни обуки, финансиски ресурси | Ментор, одговорни на стручни активи, стручна служба, директор | План за обуки<br><br>Личен професионале н план за развој, сертификати, награди<br><br>Проектни апликации |

ДУРДМОВ

**Развојна цел 3.2**

**Подобрен квалитетот во пристапот кон учениците со комплексни проблеми и деца со оштетен вид од раѓање до 6 години.**

| *Активности* | *Индикатори за успех* | *Реализатори* | *Временска рамка за имплементација* | *Потребни ресурси* | *Тим за следење на реализација на активностите* | *Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Обуки на тема рана интервенција<br><br>Нови апликации за обуки на тема рана интервенција<br><br>Дописи за соработка со релевантни институции за проширување на дејноста на Училиштето со рана интервенција<br><br>Формирање на тим за рана интервенција<br><br>План за активности што ќе ги спроведе тимот | Обучени наставници<br><br>Формиран тим за рана интервенција<br><br>Број на деца со оштетен вид опфатени со овој процес | Наставници, стручни соработници и директор | континуирано | Финасиски и човечки ресурси | Директор | План за обуки<br><br>Личен професионале н план за развој, сертификати, награди<br><br>Проектни апликации<br><br>Записници од реализирани посети на деца со оштетен вид од раѓање до 6 години |

ДУРДМОВ

## 8. Соработка на Училиштето со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн.

Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности преку заеднички проекти и слично. Соработката со голем број установи позитивно влијае на подобрување на воспитно образовниот процес кај учениците.

Училиштето остварува континуирана соработка со редовни училишта, соработка со Општина Кисела Вода, соработка со градинки на регионот на општина Кисела Вода; соработка со невладини организации; театри, музеи, соработка со издавачки куќи, телевизиски куќи, радио и печатени медиуми, Црвен крст, училишта со ресурни центри, соработка со еколошки организации, ДПИ, МТСП, МОН и БРО. Локалната заедница учествува во поддршка на разни активности кои Училиштето ги организира во текот на учебната година. Соработката особено е интензивна при прославувањето на бројни празници и одбележување на значајни датуми, општина Кисела Вода секоја година учествува во доделување на пакетчиња по повод Новогодишните празници; заеднички организираме и со музички точки учествуваме на културни манифестации од различен карактер.

Училиштето соработува и со бројни невладини организации: УНИЦЕФ, УНДП, МЦМС, Ајнштајн, Мрежа за доживотно учење, Меѓаши, и др. Соработката е заснована на заедничките заложби за унапредување на воспитно – образовниот процес.

Во рамките мултикултурната соработка, Училиштето има потпишано меморандум за соработка со Јахја Кемал и во рамките на меморандумот остварува активности за поттикнување на мултикултурализам и меѓуетничка соработка. Воедно во оваа област соработуваме и со Училиштетото СОУ ,,Лазар Танев,, и оствaруваме низа на активности во кои се вклучени ученици со различна етничка припадност.

ДУРДМОВ

## 9. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на училиште

| **Приоритетни подрачја за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно/ни лице/а** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| Стратешки цели | Полугодишно следење | Марија Гочева/ Климентина Ѓоршовска | Директор<br>Наставнички совет |
| SWOT анализа | Полугодишно следење | Анита Чекановска Димитриевска<br>Тања Тодорова | Директор<br>Наставнички совет |

ДУРДМОВ

## 10. Евалуација на Развојната програма за работа на Училиштето

Евалуацијата на Развојната програма за работа на ДУРДМОВ "Димитар Влахов" — Скопје и реализацијата на предвидените активности за наредниот четиригодишен период, ќе се настојува да се реализира со активно следење и евалуирање на активностите на работните групи формирани за реализација на стратешките цели на развојната програма. Тоа ќе се реализира преку: прашалници, извештаи, записници, протоколи, дискусии, интервјуа, увид на работата на учениците, процес на набљудување, независни евалуциони извештаи и интрументи.

- записник наставнички совет.
- извештај од реализација на акциони планови од одредените подрачја на самоеваулација.
- полугодишен и годишен извештај за работа на Училиштето.

## 11. Заклучок

Периодот и условите во кои го изработувавме овој документ — Развојна програма за работа на Училиштето во наредните четири години, беше значително поразличен и покомплексен од досегашниот начин на организирање на наставата и воопшто во раководењето на училиштата досега. Постојано бевме исправени пред новите предизвици поврзани со забрзаното спроведување на инклузивниот процес. Промените во однос на новите концепти поврзани со инклузивното образование ја отежнуваа работата за брзо прилагодување. Се обидуваме планирањето на активностите да го направиме врз основа на сите досегашни насоки, но можеби тоа ќе има потреба и од дополнителни прилагодувања, како и дополнителна поддршка со ресорното министерство.

Со цел успешна изработка на развојната програма, Тимот за изработка на истата пристапи кон разгледување на извештаите од последните две спроведени самоевалуации во Училиштето за учебните 2020/2021 и 2021/2022, како и 2022/2023 и 2023/2024., извештајот од извршена интегрална евалуација на Училиштето од декември, 2021 година. Беа разгледани сите предности и недостатоци на Училиштето, јаките и слабите страни во досегашното работење, како и пречките во остварувањето на одредени приоритетни подрачја во изминатата Развојна програма. Врз основа на целата документација се изработи SWOT анализа, од која подоцна се извлекуваат приоритети, стратешките и развојните цели за овој документ.

## 12. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на училиште

- Директор: Бобан Спасенцовски
- Дефектолог - тифлолог (стручен соработник): Анита Чекановска Димитриевска
- Дефектолог - (стручен соработник): Александра Јаковчевска
- Дефектолог - одделенски наставник: Климентина Ѓоршовска
- Наставник по македонски јазик: Марија Гочева
- Наставник по здравствени предмети од средното образование: Тања Тодорова
- Родител: Маја Зориќ

ДУРДМОВ

## 13. Користена литература:


- Развојна Програма, 2020 година, дополнета 2022 година
- Годишна програма за работа на ДУРДМОВ,,Димитар Влахов", Скопје учебна 2023/24 година
- Самоевалуација на ДУРДМОВ,,Димитар Влахов", Скопје (учебни 2022/23 и 2023/24 година)
- Извештај од СЕУ, Јуни, 2024 година
- Извештајот од извршена интегрална евалуација на Училиштето, декември, 2021 година
- Записници од Наставнички совети
- Правилниците за развојна програма
- Закон за основно образование
- Закон за средно образование
- НОРМАТИВИ И СТАНДАРДИ за простор, опрема и наставни средства за основно училиште во Република Северна Македонија донесена од министер за образование и наука по предлог на Бирото за развој на образованието, со Решение бр.18- 6466/2 од 10.7.2020 година.


ДУРДМОВ

Скопје, 2024

Директор: Бобан Спасенцовски

Претседател на УО: м-р Анита Чекановска Димитриевска

# ДУРДМОВ